**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

# З А П И С Н И К
## од 1. седница на Локалното собрание на млади

Првата седница се одржа на 26 ноември 2024 година, во Салата за одржување седници на Совет на Општина Гевгелија, со почеток во 14:00 часот. На седницата беа поканети сите 16 члена- делегати и заменик-делегати, номинирани од младински организации, организации за млади, политички помладоци, ученички и студенски организации и други облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на Општина Гевелија и назначени за членови во Локалното собрание на млади.

На седницата присуствуваа 11 члена и тоа: Ангел Аевски- делегат, Анастасија Атанасова- заменик-делегат, Андреј Димов- заменик-делегат, Петар Дагалев- делегат, Марија Калинова- заменик-делегат, Валентина Ангелова- делегат, Сања Пенова- заменик-делегат, Петар Гребенаков- делегат, Јосиф Зоев- делегат, Мартин Стојанов- заменик-делегат и Бруно Алчинов- делегат. Од оправдани причини, отсуство најавија: Оливер Велков- заменик-делегат, Михаил Петров- делегат, Ѓорги Новаковски- делегат, Ивана Толева- заменик-делегат и Цветанка Костадинова- заменик-делегат.

Седницата ја отвори службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Јанчев и откако констатираше дека на седницата се присутни мнозинство членови и има кворум за полноважно одлучување за работа на првата Конститутивна седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

1. Избор на записничар;
2. Избор на претседател на Локално младинско собрание;
3. Донесување Деловник за работа на Локалното младинско собрание;
4. Избор на трichлена Комисија за следење на изборот на членови на Локалниот младински совет;
5. Одлука за распишување Јавен повик за членство во Локален младински совет на Општина Гевгелија;
6. Разно.

Со 11 гласа за, дневниот ред за работа беше усвоен без никакви забелешки, по што се премина по поединечна расправа на точките од дневниот ред. По првата точка, членовите на ЛСМ на ОГ за записничар го избраа службеникот за млади, Петар Јанчев, а за оверувачи на записникот Ангел Аевски и Анастасија Атанасова.

По отворената расправа за 2 точка, службеникот за млади им ја објасни постапката за избор на претседател на ЛМС на ОГ. Со тајно гласање, за што им беа поделени гласачки ливчиња, од вкупно 11 гласа, од кои 2 за Ангел Аевски, 2 за Валентина Ангелова, 2 неважечки и 5 гласа за Петар Дагалев, Петар Дагалев беше избран за претседател на ЛСМ на ОГ, по што го презема водењето на седницата.

ЛСМ на ОГ премина на работа кон 3 точка. Од страна на службеникот за млади беше презентиран Деловникот за работа, по што се премина кон гласање. Без никакви забелешки, овој акт беше едногласно усвоен.

За формирање трichлена Верификациона комисија, којашто ќе биде одговорна за следење на изборот на членови на Локалниот младински совет, самоиницијативно

се предложија Валентина Ангелова, Андреј Димов и Анастасија Атанасова. За што, претсетаделот на ЛСМ на ОГ ги стави предлозите на гласање и со 8 гласа за им беа прифатени кандидатурите на Ангелова, Димов и Атанасова за членови на Верификационата комисија.

Потоа, пред да биде ставена на гласање Одлуката за распишување Јавен повик за членство во ЛМС на ОГ, службеникот за млади им го прочита предлог-текстот на Јавниот повик. Без никакви забелешки, со 11 гласа членовите донесоа Одлука да се објави Јавниот повик за членство во ЛМС на ОГ на 27 ноември 2024 година.

Бидејќи немаше дискусија за точка 6- Разно, Дагалев ја затвори првата седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија.

19-717/2
06.05.2025 г.
Гевгелија

Петар Дагалев,
**претседател на ЛСМ на ОГ**
с.р.

**записничар**,
Петар Јанчев, с.р.

**оверувачи,**
Ангел Аевски, с.р.
Анастасија Атанасова, с.р.

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk